




# Нови неексплодирани гранати од Првата светска војна пронајдени под Тумбе Кафе

24.11.2020 13:58 707



15.000 артилериски гранати со калибар од 75 мм заостанати од Првата светска војна досега се утврдени под Тумбе Кафе кај стадионот во Битола. 5000 веќе се складирани во магацин во старата касарна, уште 5000 се подготвени за транспорт, а под нив лежат уште толку.

Но, пиротехничарите велат дека локацијата на овој арсенал најверојатно се протега и под патот кој ја поврзува новата населба со главната сообраќајница, кој ќе треба да се сруши.

***ОД СТАРТ ИМАМЕ 15 ИЛЈАДИ ПАРЧИЊА ШТО СЕ ДЕФИНИРАНИ. ТОА СЕ 120 ТОНИ ГРАНАТИ, ВО КОИ ИМА 5 ТОНИ ТРОТИЛ. НО ТУКА НЕ ЗАВРШУВА ГРАНИЦАТА НА ЛОКАЦИЈАТА, ТАА ПРОДОЛЖУВА И ПОД ПАТОТ, ШТО ЗНАЧИ ДЕКА ОД ПОНЕДЕЛНИК ДЕЛНИЦАТА ЌЕ СЕ ЗАТВОРИ. ПАТОТ ЌЕ МОРА ДА СЕ УРНЕ И ДА СЕ СПУШТИМЕ ДО НИВОТО КАЈ ГРАНАТИТЕ, ВЕЛИ ЕФТИМ МИТРОВ, РАКОВОДИТЕЛ НА ТИМОТ ПИРОТЕХНИЧАРИ ВО ДЗС.***

На терен целата работа на откопување, пренесување во транспортно возило и складирање ја извршуваат 4 пиротехничари, а вкупно се 7 во цела држава. Нив следната недела ќе ги заменат други колеги,.

***ТРОЈЦАТА ПИРОТЕХНИЧАРИ ЌЕ ОДАТ МАЛКУ ДА СЕ ОДМОРАТ, А ЌЕ ДОЈДАТ ТРОЈЦА ДРУГИ ПИРОТЕХНИЧАРИ. ЈАС ОСТАНУВАМ И ПОНАТАМУ, БИДЕЈЌИ ОВА Е МОЈ ТЕРЕН, ВЕЛИ ЃОРЃИ СТЕФАНОВ, ПИРОТЕХНИЧАР ОД БИТОЛА.***

Се претпоставува дека местото било напуштена позиција на некоја од завојуваните страни во првата светска војна. Ваква количина на една локација не само што за првпат е пронајдена во Македонија, туку воопшто на Балканот.

***ПРВПАТ ТОЛКАВА КОЛИЧИНА Е ПРОНАЈДЕНА. СЕ УШТЕ НЕ СЕ ЗНАЕ ЧИЈА БИЛА ПОЗИЦИЈАТА, НО ЌЕ СЕ УТВРДИ. ПРИ ПОВЛЕКУВАЊЕ ВОЈНИЦИТЕ ЕДНОСТАВНО ГИ ИСТУРИЛЕ И СЕ ПОВЛЕКЛЕ. ГИ ИЗВАДИЛЕ ЗАПАЛКИТЕ НА ГРАНАТИТЕ ЗА ДА НЕ ГИ УПОТРЕБИ НЕПРИЈАТЕЛОТ. ВО ЦЕЛАТА ОВАА РАБОТА ТОА Е СРЕЌНА ОКОЛНОСТ, БИДЕЈЌИ АКО БЕА СО ЗАПАЛКИ, НЕ ПОСТОЕШЕ НАЧИН ДА СЕ ИЗВАДАТ ОД ОВДЕ.***

Гранатите се складираат во магацинот во старата касарна, кој сега има 24 -часовно физичко обезбедување, откако пиротехничарите предупредија на опасноста од начинот на складирање на овие неексплодирани убиствени средства. Потоа, во декември, со над стотина тури товарни возила ќе се транспортираат на воениот полигон Криволак и ќе се уништуваат во голема акција која ќе трае повеќе месеци.

Емилија Мисирлиевски

© 2020 Телевизија Телма. Сите права се задржани. Овој текст не смее да се печати или емитува, во целина или во делови, без договор со Телевизија Телма.

0

ПОВРЗАНИ СОДЖИНИ



Антикорупциска бара Тунески да си даде оставка или да ги продаде акциите



Битолската болница да обезбеди простории за починатите пациенти



Македонија предничи во црните статистики сметаат универзитетски професори – Филипче не планира нови мерки

СКОРЕШНИ НАПИСИ

Антикорупциска бара Тунески да си даде оставка или да ги продаде акциите

Битолската болница да обезбеди простории за починатите пациенти

Македонија предничи во црните статистики сметаат универзитетски професори – Филипче не планира нови мерки

Реакции за интервјуто на Заев на БГНЕС

Заев: Никола Груевски е главен организатор на 27-ми април

НАЈПОПУЛАРНИ



Илче од Охрид не бил искапен 1 година, живеел на чергиче на под со една чаша млеко

23.07.2020 15:59 0



Скопјанецот Виктор Драгомански уапсен на Малта како осомничен за убиство на двајца

27.08.2020 16:04



Од странство му се заканувал по живот на премиерот преку ФБ, уапсен...

10.07.2020 12:56



Затвореници и чувар во Идризово со мистериозна скопјанка повеќе месеци измамувале директори...

07.10.2020 13:25



На сите вработени и на државно и на приватно – отсутни заради...

18.11.2020 15:46



Ул. Никола Парапунов 51
1000 Скопје Република Македонија
Тел. (+389 2) 307 66 77
Факс. (+389 2) 3077 279
e-mail: Telma@telma.com.mk

@2020 - telma.com.mk. All Right Reserved. Designed and Developed by UNET